# Билтен 3

септември 2022 година




## СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА

- Почетна средба одржана онлајн на 29 јануари 2021 година.
- Прв транснационален состанок лице в лице организиран од EDITC во Никозија (Кипар) на 28-29 март 2022 година.
- Втора транснационална средба лице в лице, организирана од Самеримпекс Импулси во Скопје (Северна Македонија) на 6-7 јули 2022 година.
- Развој на првите интелектуални производи од проектот.

## ПОТСЕТНИК ЗА ТОА ШТО Е ПРОЕКТОТ HORECA4VET...

HoReCa4VET е европски проект кој има за цел да развие модел за валидација и сертификација кој ќе биде неопходен материјал за дизајнирање на идни курсеви и програми за обука и кој, пак, ќе претставува каталог на компетенции за оние луѓе кои сакаат да развијат, стекнуваат и валидираат квалификации во секторот HORECA.

Накратко, тоа е проект кој ја приближува стручната обука до реалноста на индустријата HORECA, сè поконкурентен и специјализиран сектор.

## IO2. МОДЕРНИ, ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТЕКИ ЗА УЧЕЊЕ - НАСТАВНИ ПРОГРАМИ И ОБРАЗОВНИ ПАКЕТИ (ОБУЧУВАЧ/КАНДИДАТ) ЗА СЕКТОРОТ HORECA

1. Резултатот вклучува развој на обука во работната средина, флексибилни патеки за учење, активирање на дидактички методи, современи, иновативни методи на настава земајќи ги в предвид спецификите на Horeca секторот.

Голем акцент ќе биде ставен на индивидуализацијата на обуката, активните и практични методи на учење, решенијата во организацијата и дидактиката.

Покрај тоа, интелектуалниот производ 2 се состои од:

1. Методологија на изработка на наставни програми и образовни пакети.
2. Програма/пакети за обука со можност за постигнување на исходите од учењето преку учење на далечина и онлајн едукација (на англиски јазик).
3. Подобрена, финална програма/пакети за обука (на англиски и на националните јазици на земјите партнери).

## ТРАНСНАЦИОНАЛЕН СРЕДБА ВО ВАЛЕНСИЈА

На **1-2 септември** 2022 година, се одржа **третиот транснационален состанок лице в лице во канцелариите на Fundación Equipo Humano**, во **Валенсија** (Шпанија).

За време на состанокот, партнерите го **разгледаа вториот интелектуален производ и разговараа за напредокот на следните резултати**, од кои некои се веќе во фаза на целосен развој.

Главно, состанокот се фокусираше на тоа како да се **интегрираат развиените материјали за обука во интерактивната платформа за е-учење** и како тие да се направат визуелно привлечни и достапни за крајниот корисник.

Платформата, која е предвидена со петтиот интелектуален производ, е поделена на два дела: валидација и сертификација.

На платформата корисниците ќе можат да најдат планови за учење, едукативни пакети и слично, што ќе им овозможи да се искачат на повисоко ниво.

Дополнително, за да добијат пристап до сертификатот, корисниците ќе треба да поминат низа тестови, игри, прашалници и слично, така што ќе има алатки за дијагностицирање на резултатите од учењето во делот за валидација.



## UПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ

Следните чекори што ќе следуваат се:

⇒ Транснационален состанок во Анталија (Турција) на 3-4 ноември 2022 година.

⇒ Продолжување со развојот на резултатите 3, 4 и 5, кои се однесуваат на моделите за валидација и сертификација, како и платформата за е-учење, вклучувајќи ги претходно развиените материјали.

⇒ Продолжување со организацијата на настани за тестирање во секоја земја партнер.

⇒ Планирање и организирање на завршната конференција на проектот, која ќе се одржи во Краков (Полска) во март 2023 година.



HORECA 4VET

## Координатор

STOWARZYSZENIE NA RZECZ INNOWACJI i edukacji

### Контакт информации:

**POLAND:** STOWARZYSZENIE NA RZECZ INNOWACJI I EDUKACJI
Веб-страница:-

**POLAND:** EVACO
Веб-страница: www.evaco.com.pl

**CYPRUS:** EDITC LTD
Веб-страница:www.editc.eu

**TURKEY:** AKDENIZ UNIVERSITY
Веб-страница: www.akdeniz.edu.tr

**SPAIN:** FUNDACIÓN EQUIPO HUMANO (FEH)
Веб-страница: www.fundacionequipohumano.es

**THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA:** SAMERIMPEKS IMPULSI DOO
Веб-страница:www.impulsi.com.mk

## Партнери

EVACO
Kompleksowe Wyposażanie Obiektów Gastronomicznych
Szkolenia Kwalifikacyjne i Zawodowe

EdiTC EDUCATION & INFORMATION TECHNOLOGY CENTRE

FUNDACIÓN equipo humano
INNOVATIVE ACTIONS FOR A PEOPLE-CENTRED EUROPE

AKDENIZ ÜNİVERSİTESİ 1982 ANTALYA

IMPULSI Samerimpex

Co-funded by the European Union

This project has been funded with support from the European Commission. The publication [communication] reflects the views only of the author and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

Learn more about the project at https://horeca.projectsgallery.eu/